02 - 389/1
04. 05

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Агенцијата за супервизија на осигурување за периодот 2021-2023

Април , 2021 година

Содржина

1. Осигурителниот пазар во Република Северна Македонија 3

а. Осигурителни производи и осигурителни операции: 4

б. Анализа на пазарот на осигурување на живот 12

2. Регулатива и надлежни органи 14

а. Управа за финансиско разузнавање (УФР) 14

3. Агенција за супервизија на осигурување 15

а. Субјекти на супервизија и супервизија базирана на ризици 15

б. Супервизии 2015-2020 година 17

ц. Планирани активности на АСО во периодот 2021-2023 година 18

1. Осигурителниот пазар во Република Северна Македонија

На 31.12.2020 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, 5 друштва вршат работи на осигурување на живот (во понатамошниот текст: ДОЖ). Бројот на посредниците во осигурување (осигурително брокерските друштва (во понатамошниот текст: ОБД) и друштвата за застапување во осигурување(во понатамошниот текст: ДЗО)) остана непроменет, и истиот е 40 ОБД и 10 ДЗО. Во доменот на банкарскиот сектор Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) има издадено дозволи за вршење работи на застапување на 7 банки.

Во 2020 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст: БПП) во вкупен износ од 10,065 милијарди денари, што претставува благ пад од 4,89% во однос на БПП остварена во истиот период во минатата година (2019: 10,583 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен во двата сегмента на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 8,325 милијарди денари (2019: 8,752 милијарди денари) или истата изнесува 82,71% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува мал пад од 4,88% во споредба со 4К2019 година.

Во групата на осигурување на живот е остварена БПП во износ од 1,740 милијарди денари (2019: 1,830 милиони денари), што претставува благ пад од 4,93%. Осигурувањето на живот учествува со 17,29% во вкупната БПП на осигурителниот сектор.

Постепено се менува структурата на БПП, при што иако автоодговорноста и натаму е најзастапена, сепак нејзиното учество се намалува. Од друга страна, учеството на осигурувањето на животот е во континуиран пораст. Добар сигнал за натамошно проширување на понудата на осигурителни производи и дополнителното приватно здравствено осигурување.

Степенот на развиеноста на пазарот на осигурување се подобрува и истото се согледува преку подобрувањето на степенот на пенетрација и степенот на густина на неговите услуги на пазарот.

Во рамки на македонскиот финансиски систем осигурителниот сектор е третиот сегмент, според големината на активата во финансискиот систем и истиот се карактеризира со скромно ниво на развиеност. Ризиците од осигурителниот сектор за финансиска стабилност се мали. Ова од една страна се должи на слабата поврзаност на овој сектор со останатите финансиски институции, но пред сè се должи на високата солвентност и ликвидност на секторот (високо ниво на маргина на солвентност и целосна покриеност на техничките резерви со дозволиви средства).

Согласно Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам донесена во ноември 2017 година, а имајќи го предвид скромното учество на пазарот на осигурување на живот во вкупното портфолио на ниво на осигурителна индустрија, обемот на трансакции, географското подрачје на потекло на клиентите, видот и карактеристиките на осигурителни производи, каналите на дистрибуција, бројот на носители на јавни функции и сл., пазарот на осигурување се карактеризира со низок ризик од перење пари.

а. Осигурителни производи и осигурителни операции:

- Осигурување на живот во случај на смрт (ризико осигурување) - договорената осигурена сума се исплатува на корисникот на осигурувањето само во случај на смрт на осигуреникот во договореното траење на осигурувањето. Доколку осигуреникот го доживее датумот на кој истекува полисата осигуреникот/корисникот на осигурување нема право на исплата на осигурената сума.
- Осигурување на живот во случај на доживување - осигурената сума се исплатува само во случај ако осигуреникот го доживее договорениот датум наведен во полисата за осигурување. Доколку кај осигуреникот настапи смрт за време на траењето на договорот, корисникот на полисата за осигурување нема право на исплата на договорената сума.
- Мешовито осигурување на живот - претставува комбинација од осигурувањето на живот во случај на смрт и осигурувањето на живот во случај на доживување. Во случај на смрт на осигуреникот за времетраење на осигурувањето, на членовите на неговото семејство/корисниците на осигурување се исплаќа осигурената сума. Во случај на доживување, осигурената сума заедно со делот од добивката се исплаќа на осигуреникот. Ова осигурување е најчесто користено од страна на осигурениците поради комбинацијата на штедење и заштита на семејството на осигуреникот во случај на негова смрт.
- Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот Осигурување на живот е поврзано со инвестициони фондови каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик, односно претставува дел од договорот за осигурување на живот во случај на смрт или доживување каде вложувањата се вршат во инвестициони фондови, каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик. Осигурената сума на доживување е вредноста на инвестициското портфолио по истек на осигурувањето. Осигурената сума во случај на смрт е збирот на загарантираниот износ во случај на смрт и вредноста на инвестициското портфолио. Загарантираниот износ во случај на смрт е паричен износ кој се утврдува со одреден процент од вкупно договорената премија за целото времетраење на договорот за осигурување на живот.

Откуп е случај кога договорот за осигурување престанува да важи, односно се прекинува, а осигурувачот на договарачот му ја исплаќа откупната вредност на полисата, односно само дел од претходно уплатените средства, во согласност со табелите за откупни вредности. Договарачот на осигурувањето има право на откуп, најчесто доколку се уплатени најмалку 3 годишни премии, но осигурувачот може да понуди и пократок рок, во согласност со табелите за откупни вредности и условите за осигурување.

Капитализација е случај кога договарачот на осигурувањето, доколку се исполнети условите за капитализација и по негово барање, се ослободува од понатамошно плаќање на премијата, договорот за осигурување и понатаму останува во сила, а осигурената сума се намалува според табелата за капитализирани износи. Според тоа, осигурувачот има обврска да ја исплати намалената осигурена сума доколку настапи осигуреният случај.

Доколку договарачот на осигурувањето од која било причина повеќе не може или не сака да ја плаќа договорената премија, може да изврши откуп или капитализација на полисата. Доколку се откажува полисата за осигурување, односно се извршува откуп на полисата, на осигурителот му се исплатува откупната вредност на полисата, односно дел од претходно уплатените средства, во согласност со табелите за откупни вредности. Доколку се исполнети условите за капитализација, договарачот на осигурувањето се ослободува од понатамошно плаќање на

премијата. Полисата за осигурување и понатаму останува во сила, а осигурената сума се намалува според табелата за капитализирани износи. Осигурителот има обврска табелата за откупни вредности и табелата за капитализирани износи да му ги предаде на договарачот на осигурувањето при склучувањето на договорот за осигурување на живот.

Табела бр. 1. Примери на производи за животно осигурување и индикативни оценки за ризик

Производи	Карактеристики	Ризици
Комплексни производи со потенцијални повеќекратни сметки за инвестиции; и / или производи со приноси поврзани со работата на основното финансиско средство	нуди можност за чување средства и / или средства, може да понуди опција за трансфер на средства во полисата	поголем ризик
Universal Life	Целосна или делумна контрола на клиентот врз инвестициите	
Variable Universal Life		
Wrapper Insurance		
Investment Linked Policies		
Unit Linked Policies		
Investment Linked Assurance Schemes		
Производи наменети за лица со висок нето вредност (HNW) или производи за индивидуални генерално со гарантиран принос	нуди можност за чување средства, само со висок лимит за задржани средства	поголем / умерено висок ризик
Индивидуално осигурување на живот/ Традиционален производ за цел живот	инвестиции управувани од осигурителот	
Производ што плаќа периодична корист од приходот за животот на една личност	нуди можност за чување средства, може да има висока граница за задржани средства	умерен ризик
Фиксни и променливи ануитети	инвестициите се управувани од осигурителот	
	период на акумулација проследен со период на ликвидација	
Производ дизајниран да обезбеди поклон за поединец или институција	може да понуди можност за чување средства	умерен ризик
	инвестициите управувани од осигурителот	
Производ претплатен од компанија за да плаќа периодична корист од приходот за животот на вработените	обично се користи за пензиски заштеди и пензиски шеми	помал ризик
	генерално претплатена од компанија со цел да им обезбеди иден бенефит на нејзините вработени	
Ануитети во група	инвестициите се управувани од осигурителот	
Производ што плаќа паушал, или редовна исплата (ануитет) на корисникот, во случај на смрт на осигуреникот, во случај на долготрајна нега или критична болест	нема можност за чување средства	помал ризик
	генерално плаќања само во случај на специфичен надворешен настан	
Терминско живот		
Групна долгорочна нега		
Критичко заболување		

Извор: ФАТФ препораки за супервизија базирана на ризик во доменот на осигурувањето на живот

Согласно анализите за ризичност на одредени осигурителни производи од страна на ФАТФ, а согледувајќи ги осигурителните производи на пазарот, се констатира дека производите кои

имаат штедна или инвестициска компонента се повеќе ризични отколку оние кои немаат вакви карактеристики. Во осигурителниот пазар во Македонија мало е учеството на осигурителни производи без штедна компонента.

Табела бр. 2. Приказ на продажбата преку дистрибутивни канали

Канали на продажба	4К2020		4К2019	
	БПП	учество	БПП	учество
директна продажба	356.156	20,46%	292.891	16,00%
Осиг. брокерски друштва	806.446	46,33%	791.924	43,26%
Друштва за застапување во осиг.	205.328	11,80%	214.096	11,69%
Банки (основно)	223.538	12,84%	393.631	21,50%
Застапници во осигурување	149.022	8,56%	138.235	7,55%
Вкупно	1.740.490	100,00%	1.830.777	100,00%

Извор: АСО - квартални известување

Кај друштвата за осигурување на живот, канали на дистрибуција во 2020 се: директна продажба со 20,46%, ОБД со 46,33%, банки со 12,84%, ДЗО со 11,80% и застапници за осигурување со 8,56%.

Табела бр. 3. Приказ на ранг листа на друштвата за осигурување на живот (000 мкд)

Ред. бр.	Друштво за осигурување	Бруто полисирана премија			Бројна договори		
		4К2020	4К2019	Δ%	4К2020	4К2019	Δ%
1	Кроација живот	654.533	805.885	-18,78%	7.967	18.252	-56,35%
2	Граве	534.483	548.376	-2,53%	1.288	2.219	-41,96%
3	Винер живот	305.663	291.559	4,84%	4.346	2.774	56,67%
4	Уника живот	182.689	147.842	23,57%	8.261	6.153	34,26%
5	Триглав живот	63.136	37.127	70,05%	811	519	56,26%
Вкупно		1.740,50	1.830,79	-4,93%	22.673	29.917	-24,21%

Извор: АСО - квартални известување

Табела бр. 4. Приказ на учество во БПП по Друштво (000 мкд)

Ред. бр.	Друштво за осигурување	4К2020		4К2019	
		БПП	учество	БПП	учество
1	Кроација живот	654.533	37,61%	805.885	44,02%
2	Граве	534.483	30,71%	548.376	29,95%
3	Винер живот	305.663	17,56%	291.559	15,93%
4	Уника живот	182.689	10,50%	147.842	8,08%
5	Триглав живот	63.136	3,63%	37.127	2,03%
Вкупно		1.740,50	100,00%	1.830,79	100,00%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на БПП кај друштвата за осигурување на живот најголемо учество има Кроациа живот со 37,61%, потоа Граве живот со 30,71%, Винер живот со 17,56%, Уника живот со 10,50% и Триглав живот со најмало учество од 3,63%. Како резултат на пандемијата Ковид-19 учеството во вкупниот број на склучени договори за осигурување на живот во 2020 година бележи пад од 24,21% во споредба со 4К2019 година, односно БПП во 2020 година има мал пад од 4,93% во споредба со 4К2019 година.

Табела бр. 5. Број на откупи и исплатени (ликвидирани штети)

		4К2020			4К2019		
		Број на откупи	Бруто исплатени (ликвидирани) штетикако единечна сума	Бруто исплатени (ликвидирани) штетикако резултат на откуп	Број на откупи	Бруто исплатени (ликвидирани) штетикако единечна сума	Бруто исплатени (ликвидирани) штетикако резултат на откуп
вкупно осигурување на живот	19	1.352	424.231	145.744	1.592	336.627	138.706
осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот	21	118	12.419,00	9.568,00	41	10.315,00	8.451,00
ВКУПНО		1.470	436.650	155.312	1.633	346.942	147.157

Извор: АСО - квартални известување

Видно од податоците може да се констатира дека бројот на откупи во периодот од 2019-2020 година се намалува.

Табела бр. 6. Приказ на бруто полисирана премија со еднократни уплати

	Вкупна БПП живот	БПП со еднократна уплата	Процентуално учество во вкупната БПП
4К2020	1.740.000	258.651	14,86%
4К2019	1.830.789	385.157	21,04%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на БПП кај друштвата за осигурување на живот во договорите со еднократна уплата би можеле да претставуваат продукт подложен на перење на пари и согласно истата анализа субјектите истакнуваат дека заради тоа спроведуваат засилена анализа на клиентите. Од аспект на начинот на уплата на осигурителните продукти, продуктите со еднократна уплата во 2020 година бележат намалување изразено во БПП.

Постапка за прием во осигурување во друштвата за осигурување на живот

Независно дали договорот за осигурување на живот се продава директно од самото Друштво или преку посредници, единствено Друштвото е одговорно за носење на одлука за прием во осигурување на секој поединечно осигуреник/ договор за осигурување. Имено, согласно проценката на ризик од перење пари и финансирање на тероризам, сите договори за осигурување на живот се оценуваат и одобруваат централизирано во дирекцијата на Друштвото во моментот кога ќе заврши процесот на анализа и проверка од овластеното лице за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и одобрувањето на целиот процес од менаџерот за прием во осигурување. Преку ваквиот начин на поставеност на овие процеси Друштвата имаат воспоставено механизми со цел да се намали ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

Друштвата за осигурување на живот преку своите канали на дистрибуција на производите ги спроведува мерките и активностите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам при прием во осигурување така што на овој начин се зголемува можноста за навремено откривање на потенцијалните обиди за перење пари и финансирање на тероризам.

Друштвото за осигурување после склучување на осигурителниот договор е целосно одговорно за следење на договорот, како и за спроведување на мерките и активностите за спречување на перење ари и финансирање на тероризам.

Табела бр. 7. ОБД - учество на БПП и бр. договори

ОБД	2020		Учество во %	
	Број на договори	БПП	Број договори	БПП
АМГ премиум	0	0	0,00%	0,00%
А-Тим	0	0	0,00%	0,00%
ВФП	2.365	748.767	84,59%	93,35%
Делта-инс	0	528	0,00%	0,07%
Еуро експертс	1	308	0,04%	0,04%
Еуромак	0	0	0,00%	0,00%
Ин-брокер	0	414	0,00%	0,05%
ЈДБ брокер	0	0	0,00%	0,00%
Легра	0	0	0,00%	0,00%
Мобилити	0	816	0,00%	0,10%
Наше осигурување	2	803	0,07%	0,10%
Полиса плус	6	516	0,21%	0,06%
Седа брокер	0	74	0,00%	0,01%
Супер Брокер	0	0	0,00%	0,00%
Кораб Инс	0	0	0,00%	0,00%
Цертус	0	127	0,00%	0,02%
Нов Осигурителен Брокер	0	129	0,00%	0,02%
ЦВО БРОКЕР	0	0	0,00%	0,00%
АСУЦ БРОКЕР	0	0	0,00%	0,00%
Мега брокер	35	2.862	1,25%	0,36%
С.Т.М брокер Плус	0	0	0,00%	0,00%
АМ брокер	12	2.109	0,43%	0,26%
Виа брокер	0	0	0,00%	0,00%
Вебер Гма	0	0	0,00%	0,00%
СН осигурителен брокер	33	6.700	1,18%	0,84%
Мак Тренд брокер	0	0	0,00%	0,00%
Порше брокер	0	0	0,00%	0,00%
Џокер инс брокер	7	355	0,25%	0,04%
Еос брокер	0	402	0,00%	0,05%
Петрол-Оил брокер АД Скопје	0	0	0,00%	0,00%
Ризико осигурување АД, Скопје	5	1.180	0,18%	0,15%
Аурон брокер АД, Струга	0	0	0,00%	0,00%
Вин брокер АД, Скопје	2	14.378	0,07%	1,79%
Бролинс	18	9.296	0,64%	1,16%
Макоас брокер АД Струмица	0	0	0,00%	0,00%
Енса брокер	0	0	0,00%	0,00%
Смарт Мани Солушнс АД Скопје	285	11.551	10,19%	1,44%

Ибис осигурување	19	687	0,68%	0,09%
Алфа брокер	0	0	0,00%	0,00%
Омада осигурување АД Скопје	6	134	0,21%	0,02%
Вкупно	2.796	802.136	100,00%	100,00%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на ОБД кои продаваат производи поврзани со осигурување на живот, заклучно со 31.12.2020 година, најголемо учество во БПП има ВФП со 93,35% (85% од бројот на договори), потоа Вин брокер со 1,79% (0,07% од бројот на договори), Смарт Мани Солушнс со 1,44% (10% од бројот на договори) и Бролинс со 1,16% (0,64% од бројот на договори).

Табела бр. 8. ДЗО - учество на БПП и бр. договори

ДЗО	4Q 2020		Учество во %	
	Број на договори	БПП	Број на договори	БПП
Актива	5	3.828	0,03%	1,03%
Тренд Мр	11	5.489	0,07%	1,47%
Лајон Инс	3	2.593	0,02%	0,70%
Сафе Лифе	502	118.016	3,11%	31,67%
Фортис Про	0	112	0,00%	0,03%
Реа Иншуренс Груп	0	0	0,00%	0,00%
Лајф Визион	15	15.467	0,09%	4,15%
НЛБ банка	4.485	86.177	27,78%	23,13%
Ваш Пријател	4	531	0,02%	0,14%
Шпаркасе банка	2.381	10.319	14,75%	2,77%
Фемили Партнер	123	58.252	0,76%	15,63%
Халк банка	1.294	20.528	8,02%	5,51%
Стопанска банка	7.089	44.250	43,91%	11,87%
Комерцијална банка	0	0	0,00%	0,00%
Мое Осигурување	1	652	0,01%	0,17%
УНИ банка	178	3.989	1,10%	1,07%
ТТК банка	53	2.437	0,33%	0,65%
Вкупно	16.144	372.640	100,00%	100,00%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на ДЗО кои продаваат продукти поврзани со осигурување на живот, заклучно со 31.12.2020 година, најголемо учество во БПП има Сафе Лифе со 31,67% (3,11% од бројот на договори), потоа НЛБ банка со 23,30% (27,7% од бројот на договори), Фемили Партнер со 15,63% (0,76% од бројот на договори), Стопанска банка со 11,87% (43,91% од бројот на договори), Халк банка со 5,51% (8,08% од бројот на договори), Лајф Визион со 4,15% (0,09% од бројот на договори) и Шпаркасе банка со 2,77% (14,75% од бројот на договори).

Табела бр. 9. ОБД - учество на БПП живот во вкупниот БПП на Друштвото

	учество на БПП живот во вкупниот БПП на Друштвото				
ОБД БПП за 4Q 2020	Вкупно БПП	Вкупно неживот	Вкупно живот	Учество во неживот %	Учество во живот %
АМГ Премиум	7.358	7.358	0	100,00%	0,00%

А-Тим	2.093	2.093	0	100,00%	0,00%
ВФП	994.701	245.934	748.767	24,72%	75,28%
Делта-Инс	30.133	29.605	528	98,25%	1,75%
Еуро Експертс	0	0	0	0,00%	0,00%
Еуромак	32.417	32.418	0	100,00%	0,00%
Ин-брокер	187.710	187.296	414	99,78%	0,22%
ЈДБ брокер	16.560	16.560	0	100,00%	0,00%
Легра	17.942	17.942	0	100,00%	0,00%
Мобилити	130.981	130.165	816	99,38%	0,62%
Наше Осигурување	38.270	37.467	803	97,90%	2,10%
Полиса Плус	59.654	59.138	516	99,14%	0,86%
Седа брокер	273.052	272.978	74	99,97%	0,03%
Супер Брокер	71.913	71.913	0	100,00%	0,00%
Кораб Инс	36.578	36.578	0	100,00%	0,00%
Цертус	64.818	64.691	127	99,80%	0,20%
Нов осигурителен Брокер	0	0	0	0,00%	0,00%
ЦВО брокер	17.249	17.249	0	100,00%	0,00%
Асуц брокер	14.109	14.109	0	100,00%	0,00%
Мега брокер	35.629	32.767	2.862	91,97%	8,03%
С.Т.М Брокер Плус	0	0	0	0,00%	0,00%
АМ брокер	92.614	90.505	2.109	97,72%	2,28%
Виа брокер	45.758	45.758	0	100,00%	0,00%
Вебер Гма	1.059	1.059	0	100,00%	0,00%
СН осигурителен брокер	644.249	637.549	6.700	98,96%	1,04%
Мак Тренд брокер	12.310	12.310	0	100,00%	0,00%
Порше брокер	67.906	67.906	0	100,00%	0,00%
Џокер Инс брокер	41.877	41.522	355	99,15%	0,85%
Еос брокер	8.770	8.368	402	95,42%	4,58%
Петрол-Оил брокер АД Скопје	20.719	20.719	0	100,00%	0,00%
Ризико осигурување АД, Скопје	62.037	60.857	1.180	98,10%	1,90%
Аурон брокер АД, Струга	14.389	14.389	0	100,00%	0,00%
Вин брокер АД, Скопје	31.685	17.307	14.378	54,62%	45,38%
Бролинс	43.140	33.844	9.296	78,45%	21,55%
Макоас брокер АД Струмица	32.457	32.457	0	100,00%	0,00%
Енса брокер	8.356	8.354	0	99,98%	0,00%
Смарт Мани Солушнс АД Скопје	11.551	0	11.551	0,00%	100,00%
Ибис осигурување	10.670	9.983	687	93,56%	6,44%
Алфа брокер	0	0	0	0,00%	0,00%
Омада осигурување АД Скопје	5.783	5.649	134	97,68%	2,32%
Вкупно	3.186.498	2.384.799	801.699	74,84%	25,16%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на ОБД е прикажано учество на БПП на живот во вкупниот БПП на Друштвото, заклучно со 31.12.2020 година, најголемо учество на животно осигурување во БПП има Смарт Мани Солушнс со 100%, потоа ВФП со 75,28%, Вин брокер со 45,38%, и Бролинс со 21,55%.

Табела бр. 10. ОБД кои наплаќаат БПП на своја сметка

ОБД	ОБД кои наплаќаат БПП на своја сметка	
	да	не
АМГ премиум	да	
А-тим	да	
ВФП		не
Делта-инс		не
Еуро експертс	да	
Еуромак	да	
Ин-брокер	да	
ЈДБ брокер	да	
Легра		не
Мобилити	да	
Наше осигурување	да	
Полиса плус	да	
Седа брокер	да	
Супер Брокер	да	
Кораб Инс	да	
Цертус	да	
Нов осигурителен Брокер	да	
Цво брокер	да	
Асуц брокер	да	
Мега брокер	да	
С.Т.М Брокер Плус	да	
АМ Брокер	да	
Виа брокер	да	
Вебер гма	да	
СН осигурителен брокер	да	
Мак тренд брокер	да	
Порше брокер		не
Џокер инс брокер	да	
Еос брокер	да	
Петрол-оил брокер АД Скопје	да	
Ризико осигурување АД, Скопје	да	
Аурон брокер АД, Струга	да	
Вин брокер АД, Скопје	да	
Бролинс	да	
Макоас брокер АД Струмица	да	
Енса брокер	да	
Смарт Мани Солушнс АД Скопје	да	
Ибис осигурување	да	
Алфа брокер	да	
Омада осигурување АД Скопје	да	

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на ОБД заклучно со 31.12.2020 година од вкупно 40 - ОБД само 36 наплатуваат БПП на своја сметка, додека останатите 4 не наплаќаат БПП на своја сметка.

Табела бр. 11. ДЗО - учество на БПП живот во вкупниот БПП на Друштвото

ДЗО - 31.12.2020	учество на БПП живот во вкупниот БПП на Друштвото				
	Вкупно БПП	Вкупно неживот	Вкупно живот	Учество во неживот %	Учество во живот %
Актива	219.041	215.213	3.828	98,25%	1,75%
Тренд МР	276.693	271.204	5.489	98,02%	1,98%
Лајон Инс	63.526	60.933	2.593	95,92%	4,08%
Сафе Лифе	118.016	0	118.016	0,00%	100,00%
Фортис Про	4.179	4.067	112	97,32%	2,68%
Реа Иншуренс груп	61.490	61.490	0	100,00%	0,00%
Лајф Визион	17.560	2.093	15.467	11,92%	88,08%
НЛБ банка	128.312	42.135	86.177	32,84%	67,16%
Ваш Пријател	11.352	10.821	531	95,32%	4,68%
Шпаркасе банка	12.861	2.542	10.319	19,77%	80,23%
Фемили Партнер	58.252	0	58.252	0,00%	100,00%
Халк банка	46.330	25.802	20.528	55,69%	44,31%
Стопанска банка	89.394	45.144	44.250	50,50%	49,50%
Комерцијална Банка	47.290	47.290	0	100,00%	0,00%
Мое Осигурување	9.617	8.965	652	93,22%	6,78%
Уни банка АД Скопје	3.989	0	3.989	0,00%	100,00%
ТТК БАНКА	2.437	0	2.437	0,00%	100,00%
Вкупно	1.170.339	797.699	372.640	68,16%	31,84%

Извор: АСО - квартални известување

Во вкупното портфолио на ДЗО е прикажано учество на БПП на живот во вкупниот БПП на Друштвото, заклучно со 31.12.2020 година, најголемо учество на осигурувањето на живот во БПП има Сафе Лифе со 100%, Фемили Партнер со 100%, Уни банка со 100%, ТТК банка со 100%, потоа следи Лајф Визион со 88.08%, Шпаркасе банка со 80,23% и НЛБ банка со 67,16%.

б. Анализа на пазарот на осигурување на живот

Согласно Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, предмет на супервизија/контрола се:

- ДОЖ и
- посредниците во осигурување кои вршат работи на осигурување на живот

За таа цел во продолжение е прикажана детална анализа на осигурителниот сектор во сегментот на вршење работи на осигурување на живот.

Параметри користени при спроведување на анализата:

- БПП и обем на трансакции;
- Број на ДОЖ;
- Видови на производи;
- Канали на дистрибуција;
- Законската регулатива

- Капацитетот на супервизијата/надзорот.

Табела бр. 12. Осигурителни производи (осигурување на живот)

Осигурителни производи		4К2020		4К2019		4К2018	
Класи на осигурување		БПП во 000 мкд	Учество во %	БПП во 000 мкд	Учество во %	БПП во 000 мкд	Учество во %
19+20+21	Вкупно осигурување на живот	1.740.504	100,00%	1.830.789	100,06%	1.669.878	100,00%
19	вкупно основно осигурување на живот	1.323.491	76,04%	1.486.664	81,20%	1.392.248	83,37%
19	мешано осигурување	987.138	56,72%	1.000.851	54,67%	987.144	59,11%
19	ризико осигурување	181.009	10,40%	330.576	18,06%	259.934	15,57%
19	доживување	151.433	8,70%	151.806	8,29%	142.210	8,52%
19	смрт (доживотно)	3.911	0,22%	3.431	0,19%	2.960	0,18%
19	вкупно дополнително осигурување	115.271	6,62%	116.567	6,37%	110.152	6,60%
20	Брак или породување	0	0,00%	1.020	0,06%	889	0,05%
21	Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот	301.742	17,34%	226.538	12,37%	166.589	9,98%

Извор: АСО - квартални известување

Во 2020 година остварена е БПП во износ од 1,740 милијади денари (2019: 1.830 милијарди денари), што претставува благ пад од 4,93%. Во вкупното портфолио на БПП (живот и неживот), осигурувањето на живот учествува со 17,29%. Најголемо учество во групата има класичниот производ - мешано осигурување со 56,72% од вкупното осигурување на живот, потоа следува осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот со 17,34% од вкупното осигурување на живот, па ризико осигурувањето со 10,40% од вкупното осигурување на живот, осигурувањето на живот во случај на доживување со 8,70% од вкупното осигурување на живот и осигурување на живот од смрт (доживотно) со 0,22% од вкупното осигурување на живот. Дополнителното осигурување во осигурувањето на живот учествува со БПП од 115,271 милиони денари, што претставува 6,62% од вкупното осигурување на живот.

Производот Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот наречен unit linked за прв пат на нашиот пазар на осигурување се појави во 2015 година, но бележи брз раст во однос на БПП и учеството во вкупното животно осигурување. Во 2020 година производот во вкупната БПП учествува со 301,742 милиони денари односно 17,34% од вкупното портфолио на осигурување на живот. Во периодот во 2019 година БПП учествува со 226,538 милиони денари односно 12,38% од вкупното портфолио на осигурување на живот.

2. Регулатива и надлежни органи

а. Управа за финансиско разузнавање (УФР)

Со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр.120/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 317/20) се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење на пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам.

Во членот 2, точка 9 од ЗСППФТ, дефинирани се "финансиските институции" како субјекти кои имаат обврски да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во алинеја в наведени се друштва за осигурување, ОБД, ДЗО, осигурителни брокери и застапници во осигурувањето кога вршат работи на осигурување на живот, односно вршат работи на застапување или посредување во осигурувањето при склучување на договори за осигурување на живот.

Согласно законот за СППФТ надзор над примената на мерките и дејствијата вршат органите за надзор наведени во членот 146 ставот 1 меѓу кои и Агенцијата.

- Доставување на податоци до Управата за финансиско разузнавање

Осигурителните друштва кои вршат работи на осигурување на живот собраните податоци за склучени полиси за осигурување живот ги доставуваат до Управата на крајот на денот во електронска форма во следниве случаи:

за склучени полиси за осигурување живот со уплата на премија по полиси за осигурување на живот во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата по основ на откуп, заем или доживување еднаква или поголема од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучена полисата за осигурување, односно на денот кога се врши исплатата, освен договорите за осигурување на живот во случај на смрт-ризико осигурување и - за склучени полиси за осигурување живот од страна на носител на јавна функција, без оглед на вредноста на осигурената сума.

Според евиденцијата и анализата за субјектите за осигурување на живот констатирано е следното:

Табела бр. 13. Полиси за осигурување на живот со вредност на осигурување од 15.000 евра или повеќе

Друштва за осигурување	Полиси за осигурување на живот со вредност на осигурување од 15.000 евра или повеќе
2020 година	1.671
2019 година	3.243

Извор: УФР

Осигурителните друштва кои вршат осигурување на живот собраните податоци за склучени полиси за осигурување живот со вредност на осигурување во износ од 15.000 ЕУР или повеќе,

во денарска противвредност, ги доставуваат до Управата на крајот на денот во електронска форма. Во текот на 2020 година до Управата се доставени вкупно 1.671 (во 2019 вкупно 3.243 извештаи) извештаи за склучени полиси за осигурување живот над предвидената граница.

Табела бр. 14. Сомнителни трансакции

друштва за осигурување	СТР (сомнителни трансакции доставени до УФР од друштвата за осигурување на живот
2020 година	1
2019 година	2

Извор: УФР

Во 2020 година од страна на осигурителните друштва кои вршат осигурување на живот доставено е известување до Управата за финансиско разузнавање за 1 сомнителна трансакција, додека за периодот во 2019 година доставени се известување до Управата за финансиско разузнавање за 2 сомнителни трансакции.

3. Агенција за супервизија на осигурување

а. Субјекти на супервизија и супервизија базирана на ризици

Агенцијата е самостојно и независно регулаторно тело на пазарот на осигурување кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

АСО има за цел да придонесе за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување во земјава, за негов континуиран раст и развој, за заштита на правата и интересите на осигурениците, како и за унапредување на финансиската стабилност на земјата.

Законот за супервизија на осигурување е основна законска рамка која ги регулира условите и начинот на вршење работи на осигурување и реосигурување, начинот и условите на вршење работи на посредување во осигурувањето и спроведувањето супервизија врз работењето на друштвата за осигурување, ОБД и ДЗО.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, член 158-б АСО има надлежности да врши надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Дополнителна законска рамка претставува Законот за облигациони односи во делот што се однесува на договорите за осигурување, Законот за трговски друштва, Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам и др.

Табела бр. 15. Вкупен број на субјекти на пазарот на осигурување

2020 година (евидентирано со 30.9.2020)	број на субјекти
Друштва за осигурување на живот	5
Осигурително брокерски друштва (правни лица)	40

Лиценцирани осигурителни брокери (физички лица)	542
Друштва за застапување во осигурувањето (правни лица)	17(7 се банки)
Лиценцирани застапници во осигурување (физички лица)	1.338
Вкупно	1.942

Извор: АСО - квартални известување

Согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Агенцијата е задолжена за супервизија/надзор врз работењето на осигурителните субјекти кои продаваат осигурување на живот. Согласно податоците тоа се 1.942 субјекти, од кои дури 1.880 се физички лиза (застапници или брокери).

Агенцијата за целите на оваа Стратегија ги дефинира следните критериуми за спроведување на теренска супервизија. Субјектите кои ќе бидат предмет на теренска супервизија се класифицираат во три групи (Група А, Група Б, Група В) согласно нивото на ризик.

Табела бр. 16. Групи по ниво на ризичност и критериуми за период на теренски супервизија

Група по ниво на ризичност	Ниво на ризик	Критериуми	Период на теренска супервизија
Група А	Ниско	• ОБД кои имаат повеќе од 3%, а помалку од 5% учество во вкупното БПП за живот на ниво на ОБД • ДЗО кои имаат повеќе од 10% , а помалку од 20% учество во вкупното БПП за живот на ниво на ДЗО	Еднаш на 9 години
Група Б	Средно	• ОБД кои имаат повеќе од 5% а помалку од 10% учество во вкупното БПП за живот на ниво на ОБД • ДЗО кои имаат повеќе од 20% учество во вкупното БПП за живот на ниво на ДЗО	Еднаш на 7 години
Група В	Високо	• Сите ДОЖ • ОБД кои имаат повеќе од 10% учество во вкупното БПП за живот на ниво на ОБД	Еднаш на 5 години

Извор: Асо – квартални известување

Лиценцираните физички лица нема да бидат предмет на теренска супервизија од страна на Агенцијата, односно тие имаат обврски да ги почитуваат мерките за спечување на перење пари и финансирање на тероризам дефинирани во договорите за соработка од страна на правните лица - субјекти на супервизија (ДО, ОБД, ДЗО). Односно Агенцијата преку супервизијата на правните лица - субјекти на супервизија индиректно ќе ги проверува и исполнувањата на договорните обврски на лиценцирани физички лица во сегментот на преземање мерки за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

Исто така, **банките кои се лиценцирани да вршат функција на застапување во осигурување, нема да бидат предмет на супервизија** од страна на Агенцијата, од причини што истите се под надзор и за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на НБРСМ.

Остануваат за супервизија од страна на Агенцијата 5 Друштва за осигурување и ОБД и ДЗО кои продаваат осигурување на живот, а имајќи ги во предвид капацитетите на Агенцијата и анализата базирана на ризици која ја изготвува Агенцијата во овој сегмент.

Согласно податоците за последните три години кои се предмет на анализа за целите на изготвување на оваа Стратегија, покрај 5-те друштва за осигурување на живот, гледајќи ги критериумите колку ОБД и ДЗО учествуваат во продажбата на осигурување на живот, (од аспект

на БПП, од аспект на број на договори, од аспект на учеството на животното осигурување во портфолиото на посредникот (табели бр. 7, 8, 9 и 11)), се извојуваат следните субјекти за теренска супервизија:

Табела бр. 17. Субјекти за теренска супервизија во спречување на перење пари согласно групите по ниво на ризичност во следниот период под услов нивното учество во продажбата на животно осигурување да не се намалува

Група по ниво на ризичност	Имиња субјекти	Период за супервизија
Група А	• ДЗО- Фемили Партнер	Еднаш на 9 години
Група Б	• ДЗО-Сафе Лифе	Еднаш на 7 години
Група В	• ДОЖ-Кроациа живот, Винер живот, Граве, Уника живот, Триглав живот • ОБД-ВФП	Еднаш на 5 години

Извор: АСО - квартални известување

Субјектите за супервизија кои не ги исполнуваат критериумите за теренска супервизија дефинирани во табела бр. 16 и не се составен дел на табела бр. 17, ќе бидат евентуално опфатени со **вонтеренска супервизија, откога Агенцијата ќе дефинира Процедура и методологија за вонтеренско следење на субјектите во осигурување и спроведување на ризично базирана супервизија и истата ќе започне да ја применува.**

б. Супервизии 2015-2020 година

Табела бр. 18. Спроведени супервизии 2015-2018 година

Реден број	Друштва за осигурување на живот	Период 2015-2018 година
1	Кроација живот	спроведена теренска супервизија - сегмент програма за СПП и ФТ
2	Винер живот	спроведена теренска супервизија - сегмент програма за СПП и ФТ
3	Уника живот	спроведена теренска супервизија - сегмент програма за СПП и ФТ
4	Граве живот	спроведена теренска супервизија - сегмент програма за СПП и ФТ

Извор: АСО - квартални известување

Согласно годишните планови за теренска супервизија во периодот од 2015 до 2018 година, АСО има спроведено вкупно 4 целосни теренски супервизии во друштва за осигурување на живот притоа опфатен е и сегментот на спречување перење на пари преку проверка на усогласеност на друштвата со законската и подзаконската регулатива, интерните контроли, програмата за СПП и ФТ, овластените лица и нивните надлежности во делот на спречување на перење на пари. Супервизорите не констатирале наоди и врз основа на истото не се изречени мерки на супервизија.

Табела бр. 19. Спроведени супервизии 2019-2020 година

Р.бр.	Друштва за осигурување на живот	Период 2019-2020 година
1	Кроација живот	спроведена заедничка теренска супервизија со УФР
2	Винер живот	спроведена заедничка теренска супервизија со УФР
3	Уника живот	спроведена заедничка теренска супервизија со УФР

Извор: АСО - квартални известување

Имено, во периодот октомври 2019 – јануари 2020 година Агенцијата за супервизија на осигурување и Управата за финансиско разузнавање спроведе заеднички теренски супервизии во три Друштва за осигурување на живот и тоа кај: Кроација живот, Винер живот и Уника живот. Во сите три Друштва од спроведената заедничка теренска супервизија произлегоа записници, каде не се изречени мерки на супервизија од причина што не се констатирани нерегуларности во работењето.

Агенцијата преку спроведените супервизии од 2019-2020 година има покриено околу 70% од работењето на целиот пазар на осигурување на живот во делот на примена и спроведување на мерките и дејствијата кои произлегуваат од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, за таа цел во планот за теренска супервизија за 2021 година се предвидува да се спроведе уште една супервизија и тоа кај Граве живот (со што би се покрил 98% од целиот пазар анализирајќи преку критериумот БПП и прием во осигурување), додека Триглав живот согласно приоритетите се планира да биде предмет на супервизија во 2022 година.

Агенцијата со ваквата покриеност на супервизии во сегментот на спречување на перење пари во секторот осигурување ќе постигне подобрување на интерните политики, процедури и акти во проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам како и континуирана контрола и подигнување на свеста во врска со проценатa на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно законските одредби и во рамки на Меморандумот за соработка, Агенцијата и Управата за финансиско разузнавање вршат редовна размена на своите годишни планови за спроведување на супервизија/надзор.

ц. Планирани активности на АСО во периодот 2021-2023 година

Агенцијата назначи двајца супервизори, кои покрај редовните активности, спроведуваат и активности во сегментот на надзор за СППФТ, под координација на координаторот на ССС.

Имајќи го во предвид:

- нискиот ризик од перење пари на осигурителниот сектор, согласно Националната стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и
- ограничените ресурси со кои располага АСО (за вкупно 1.942 субјекти на пазарот на осигурување, само двајца супервизори за спроведување на мерките и дејствијата за сегментот СПП И ФТ).
- анализата на ризици од аспект на субјекти и производи направена погоре

Агенцијата ги дефинира следните приоритетни обврски во следните 3 години:

1. **во 2021 година да се направи надзор во Граве живот.**

2. Во 2021/2022 година АСО да ја заокружи регулаторната рамка во делот на СППФТ, преку донесување на:
    a. Упатство за вршење на проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам и за управување со ризик од перење пари и финансирање тероризам за субјектите под надзор на Агенцијата,
    b. Стратегија на Агенцијата во доменот на надзорот за спречување на перење пари и финансирање тероризам за период од 2021-2023 година
    c. Процедура и методологија за вонтеренско следење на субјектите во осигурување и спроведување на ризично базирана супервизија,
    d. ажурирање на постојната процедура за теренски надзор на друштвата за осигурување, ОБД, ДЗО, осигурителни брокери и застапници во осигурувањето, кога вршат работи на осигурување на живот, односно вршат работи на застапување или посредување во осигурувањето при склучување на договори за осигурување на живот.
3. во 2022 година да се направи надзор на Триглав живот, со што би биле опфатени за 3 години сите 5 ДОЖ кои продаваат полиси за животно осигурување во државата;
4. во 2022 година да се направи надзор на ВФП ОБД, како најдоминантен канал за продажба на полиси за животно осигурување;
5. во 2023 година да се направи надзор на ДЗО Сафе Лифе, како најдоминантен застапнички канал за продажба на полиси за животно осигурување;
6. Подигнување на свеста на индустријата за мерките и дејствијата за спречување перење на пари и ефикасна процена на ризиците преку организирање на заеднички работилници на АСО и УФР со индустријата.
7. Интензивни тренинзи и стручни обуки за супервизорите со цел ефикасно и адекватно спроведување на супервизија на примената на мерките и дејствијата утврдени со законот за спречување на перење на пари.

Претседател на Советот на експерти на

Агенцијата за супервизија на осигурување,

Крсте Шајноски,

Листа со табели:

ТАБЕЛА БР. 1. ПРИМЕРИ НА ПРОИЗВОДИ ЗА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ И ИНДИКАТИВНИ ОЦЕНКИ ЗА РИЗИК 5
ТАБЕЛА БР. 2. ПРИКАЗ НА ПРОДАЖБАТА ПРЕКУ ДИСТРИБУТИВНИ КАНАЛИ 6
ТАБЕЛА БР. 3. ПРИКАЗ НА РАНГ ЛИСТА НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ 6
ТАБЕЛА БР. 4. ПРИКАЗ НА УЧЕСТВО ВО БПП ПО ДРУШТВО 6
ТАБЕЛА БР. 5. БРОЈ НА ОТКУПИ И ИСПЛАТЕНИ (ЛИКВИДИРАНИ ШТЕТИ) 7
ТАБЕЛА БР. 6. ПРИКАЗ НА БРУТО ПОЛИСИРАНА ПРЕМИЈА СО ЕДНОКРАТНИ УПЛАТИ 7
ТАБЕЛА БР. 7. ОБД - УЧЕСТВО НА БПП И БР. ДОГОВОРИ 8
ТАБЕЛА БР. 8. ДЗО - УЧЕСТВО НА БПП И БР. ДОГОВОРИ 9
ТАБЕЛА БР. 9. ОБД - УЧЕСТВО НА БПП ЖИВОТ ВО ВКУПНИОТ БПП НА ДРУШТВОТО 9
ТАБЕЛА БР. 10. ОБД КОИ НАПЛАЌААТ БПП НА СВОЈА СМЕТКА 11
ТАБЕЛА БР. 11. ДЗО - УЧЕСТВО НА БПП ЖИВОТ ВО ВКУПНИОТ БПП НА ДРУШТВОТО 12
ТАБЕЛА БР. 12. ОСИГУРИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ (ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ) 13
ТАБЕЛА БР. 13. ПОЛИСИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ СО ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД 15.000 ЕВРА ИЛИ ПОВЕЌЕ 14
ТАБЕЛА БР. 14. СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ 15
ТАБЕЛА БР. 15. ВКУПЕН БРОЈ НА СУБЈЕКТИ НА ПАЗАРОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ 15
ТАБЕЛА БР. 16. ГРУПА ПО НИВО НА РИЗИЧНОСТ 16
ТАБЕЛА БР. 17. СУБЈЕКТИ ЗА ТЕРЕНСКА СУПЕРВИЗИЈА ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ПОД УСЛОВ НИВНОТО УЧЕСТВО ВО ПРОДАЖБАТА НА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ ДА НЕ СЕ НАМАЛУВА 17
ТАБЕЛА БР. 18. СПРОВЕДЕНИ СУПЕРВИЗИИ 2015-2018 ГОДИНА 17
ТАБЕЛА БР. 19. СПРОВЕДЕНИ СУПЕРВИЗИИ 2019-2020 ГОДИНА 18